Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Арх.бр. УП1-15 464/2022
Дата: 21-03-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Сопиште се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена хотели и хотелски комплекси, на КП 3269/1 и КП 3270, КО Долно Соње-вон г.р, Општина Сопиште.**
Површината на предметниот опфат изнесува 0.22 Ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y35021** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена хотели и хотелски комплекси, на КП 3269/1 и КП 3270, КО Долно Соње-вон г.р, Општина Сопиште, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на објекти со намена хотели и хотелски комплекси, на КП 3269/1 и КП 3270, КО Долно Соње-вон г.р, Општина Сопиште, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.
5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на објекти со намена хотели и хотелски комплекси, на КП 3269/1 и КП 3270, КО Долно Соње-вон г.р, Општина Сопиште, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Сопиште, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 39614 од 03.12.2021 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена хотели и хотелски комплекси, на КП 3269/1 и КП 3270, КО Долно Соње-вон г.р, Општина Сопиште.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена хотели и хотелски комплекси, на КП 3269/1 и КП 3270, КО Долно Соње-вон г.р, Општина Сопиште и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 464/2022 од 10.03.2022 година.

Условите за планирање на **просторот за изградба на објекти со намена хотели и хотелски комплекси, на КП 3269/1 и КП 3270, КО Долно Соње-вон г.р, Општина Сопиште** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Раиф Сулејмани
Одобрил: Соња Фурнаџиска